**20231813221**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 август 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2023 ГОДИНА

I

Во Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/23) во делот II во табелата по подмерката 1.1. се додаваат три нови подмерки 1.2., 1.3. и 1.4. кои гласат:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.2. | Финансиска поддршка за остварено и продадено или складирано производство на пченица | 1. Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат поднесено барање по подмерка 1.1. „Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични и зачински растенија, освен за тутун“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година кои имаат засеани и ожнеани површини со пченица и оствареното производство го имаат продадено или складирано кај регистриран откупувач во период од 15 јуни до 31 август 2023 година, вклучително и за потребите на сопствениот преработувачки капацитет, а се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи.<br>2. Максималната количина на пченица која е прифатлива за финансиската поддршка е 5.000 килограми по пријавен хектар по подмерка 1.1. „Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични и зачински растенија, освен за тутун“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година.<br>3. Висината на финансиската поддршка изнесува 3 денари по килограм. |
| 1.3. | Финансиска поддршка за произведен домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација на пченица и јачмен | 1. Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат поднесено барање по подмерка 1.15. „Директни плаќања за произведен и продаден домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација за житни, фуражни, индустриски и градинарски култури“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделство за 2023 година, кои се запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал, кои имаат произведен семенски материјал во 2023 година согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и имаат добиено сертификат за конечно сертифицирано семе од прва и втора генерација на пченица и јачмен.<br>2. Прифатлива количина за сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација на пченица и јачмен се количините наведени во сертификат за конечно сертифицирано семе од реколта 2023 година.<br>3. Висината на финансиската поддршка изнесува 3 денари по килограм за произведена пченица или јачмен од прва и втора генерација за реколта 2023 година. |
| 1.4. | Финансиска поддршка за продадени количини на домат и краставица произведени под контролирани услови | 1. Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои се производители на домат и краставици во затворени простории за производство во контролирани услови и кои имаат поднесено барање по подмерка 1.6. „Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4. за производство под контролирани услови на домати, пиперки и краставици“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделство за 2023 година.<br>2. Висината на финансиската поддршка изнесува 35 денари по килограм за домат кој е произведен и продаден во период од 5 април до 31 мај 2023 година.<br>3. Висината на финансиската поддршка изнесува 30 денари по килограм за краставица која е произведена и продадена во период од 5 април до 15 мај 2023 година. |

“.

II

Во делот III по ставот (5) се додаваат три нови става (6), (7) и (8) кои гласат:

„(6) Финансиската поддршка од делот II за подмерката 1.2. „Финансиска поддршка за остварено и продадено или складирано производство на пченица“ од оваа програма ќе се врши врз основа на податоци за продадена или складирана пченица кај регистриран откупувач во период од 15 јуни до 31 август 2023 година кои до Агенцијата ги доставува Државниот инспекторат за земјоделство за секое земјоделско стопанство одделно, најдоцна до 30 септември 2023 година.

(7) Финансиската поддршка од делот II за подмерката 1.3. „Финансиска поддршка за произведен домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација на пченица и јачмен“ од оваа програма ќе се врши врз основа на поднесено барање за произведен домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација на пченица и јачмен од реколта 2023 година до Агенцијата, најдоцна до 17 ноември 2023 година, заедно со добиените сертификати за конечно сертифицирано семе.

(8) Финансиската поддршка од делот II за подмерката 1.4. „Финансиска поддршка за продадени количини на домат и краставица произведени под контролирани услови“ од оваа програма ќе се врши врз основа на поднесено барање за продадени количини на домат во период од 5 април до 31 мај 2023 година и краставица од 5 април до 15 мај 2023 година произведени под контролирани услови, најдоцна до 15 септември 2023 година, заедно со финансови документи за извршена продажба (кога се плаќа на сметка се доставува фактура со испратница и доказ за извршената наплата по фактура, банков извод од редовна наплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација, договор/изјава за цесија со банков извод за помината цесија, картица за партија, договор за одложено плаќање заверен на нотар, а кога се плаќа во готово се доставува фискална сметка и банков извод за извршена уплата на готовина од дневен пазар или извозно царинска декларација за остварен извоз, фактура со испратница и доказ за извршената наплата по фактура, банков извод од редовна наплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација, договор/изјава за цесија со банков извод за помината цесија, картица за партија, договор за одложено плаќање заверен на нотар).

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8440/4
22 август 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.